# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.30 од 10.02.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 11/12), членот 4 се менува и гласи:

"Висината на минималната плата изнесува 10.080 денари во нето износ.

Министерството за труд и социјална политика, по претходно мислење од Економско- социјалниот совет ја објавува висината на минималната плата во бруто износ во „Службен весник на Република Македонија" во март секоја година за тековната година.

Висината на минималната плата од ставот 1 на овој член се усогласува со порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Македонија за претходната година, според податоците објавени од Државниот завод за статистика."

**Член 2**

Во членот 10 алинеја 2 сврзникот „и" се брише.

Алинејата 3 се брише.

**Член 3**

Во одделите производство на текстил, производство на облека и производство на кожа и слични производи од кожа висината на минималната плата изнесува:

- за 2014 година 7.500 денари во нето износ,
- за 2015 година 8.050 денари во нето износ,
-за 2016 година 9.000 денари во нето износ,
- за 2017 година 9.590 денари во нето износ и
- за 2018 година 10.080 денари во нето износ."

**Член 4**

Висината на минималната плата, освен за одделите производство на текстил, производство на облека и производство на кожа и слични производи од кожа за 2014 година изнесува 8.800 денари во нето износ, а за 2015 година изнесува 9.590 денари во нето износ.

**Член 5**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за минимална плата во Република Македонија.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", освен одредбата од членот 1 став 1 од овој закон која ќе започне да се применува од 1 јануари 2016 година, а ставот 3 ќе започне да се применува почнувајќи од 1 јануари 2018 година.